ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MASEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA

CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, ☎ +385 1 48 72 655, ☎/FAX +385 1 48 72 655
Žiro račun: 2340009-1100038804

Урброј: ЗМ -61-0 /2003
Загреб, 13.11. 2003.

# З А П И С Н И К

од **18-тата седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **13.11.2003.** г. со почеток во 11,25 часот во просториите на Заедницата во Загреб.

Присутни: Илија Христодулов - МКД Илинден -Риека -претседател на Заедницата, Анастас Оџаклиески -МКД К. Мисирков -Загреб, Тања Јовановска - МКД Биљана - Задар (која во работата на седн. се вклучи со закаснување од 20,00 мин.), Ратко Димовски -МКД К. Рацин -Пула (по полномоштво на претседателката С. Сагадин), Благоја Јовановски - МКД Б. Миладиновци -Осиек, Ксенија Јурановиќ - МКД Македонија -Сплит, Нилола Гроздановски -секретар и Анка Рабузин - админ. секретарка на Заедницата.
Гости: од Амбасадата на Р. Македонија во РХ - амбасадорот Мехи Несими, гѓа Вера Наумовска и г. Владимир Крстевски и гост гѓа Елена Путовска од Пожега.

Седницата ја водеше претседателот на Заедницата и претседател на Управниот одбор -Илија Христодулов.
По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, претседателот го прочита предложениот дневен ред. По спроведената дискусија со јавно гласање, членовите на УО **едногласно го прифатија предлогот на претседателот** и седницата ја продолжи работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 17-тата седница.

2. Утврдување и донесување на План и програма на работа во 2004 година.

3. Договор за активностите кои би се одржале до наредната седница на УО.

4. Разно.

Претседателот најпрво ги поздрави гостите и ги претстави присутните члениви на УО, а потоа му даде збор на амбасадорот. Тој ја претстави гѓата В. Наумовска, нов дипломат во Амбас. Во опширното излагање помеѓу другото, тој нагласи дека тие во Амбас. добро се запознати за успешната работа на Заедницата и друштвата и дека се надеваат така да се продолжи и понатаму. Исто така и понатаму успешно да продолжи и соработувањето, а од страна на Амбас. ќе се помага колку што е можно и во иднина.

По оваа претседателот им даде збор на претседателите на друштвата и тие ги информираа гостите на оваа седница за работата на своите друштва.
Потоа амбасадорот во своето излагање ги замоли претседателите за сите манифестации што ги одржуват ја известат Амбасадата како би тие биле информирани, а нагласи дека успешноста во работата и понатаму ќе зависи од тоа колку сте вие обединети и кога се појавуваат слабости добро е вака да се седне и сите недозазбирања да се решат.
Претседателот им заблагодари на гостите за посетата и за излагањето на амбасадорот и по нивното заминување седницата ја продолжи работата.

**Ад. 1.** Во дискусија по оваа точка се вклучија сите присутни по информирањето од страна на секретарот Н. Гроздановски дека И. Качуров не ги вратил клучевите и мобителот кога било договорено и дека тој после тој рок бил во Заедницата и го примил записникот од претх. седница но сеуште не ги вратил бараните предмети. Исто така Б. Јовановски изнесе примедби во врска со тоа што В. Хузјан не дала попис на донатори за прославата на Илинден и во врска со неговото гласање за суспензија на И. Качуров. !!!
По завршената дискусија членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа** следниве одлуки:

1.1. На И. Качуров да се испрати барање за враќање на бараните предмети на Заедницата, по пошта со повратница.
1.2. Дополнувањето на записн. од претх. седница гласи: Б. Јовановски: јас барав И. Качуров да даде оставка, не суспендиран туку бришање.
1.3. Друштвото К. Мисирков да во рок од 2-3 дена даде попис на донатори за прославата на Илинден.
1.4. Се усвојува записникот од 17-тата седница.

**Ад. 2.** По оваа точка на дн. ред членовите на УО најпрво констатираа дека програмите за наредната година ги доставиле друштвата од Загреб, Пула, Риека и Сплит. По спроведената дискусија за програмите на друштвта од Осиек и Задар, членовите на УО констатираа дека заради сега веќе краткиот рок, програмите за тие друштва претседателите на друш. директно да ги испратат до Советот, а до Заедницата да испратат копија.
По спроведената расправа за предлозите на планот и програмата на работа во 2004. год. на ниво на Заедницата, членовите на УО со јавно гласање **донесоа едногласна одлука за пријавување на следниве програми:**

<u>А - Културни манифестации:</u>

**2.1. Заедничка изложба на сликари и кипари, Македонци во Р. Хрватска,** на зададена тема: Крајолици и ведути со мотиви од Македонија и Хрватска, да учествуват сите заинтересирани од друштвата и оние што досега немаат изложувано и дека може да бидат слики, скулптури, тарисерии, а се подетално би се дефинирало во иднина и го прифатија предлогот на гѓа Елена таа изложба да се постави во Пожега во октомври.
**2.2. Културно творештво на МКД-ва во РХ,** со настап на сите секции од друштвата и да биде на 24.05.2004. на денот на Св. Кирил и Методиј.
**2.3. Летна школа по македонски јазик,** за што Н. Гроздановски информира дека е контактирано со Агенц. за иселен. на РМ од чија страна е понудена помош, која би можела да се одржи во Новаља во јули, во камп. Сташко што го води А. Мемедов.

**2.4. Претставување на книгата Калинка од Р. Димовски,** во март месец во Загреб.
За овие манифестации одговорна личност за организирање е Н. Гроздановски, а во организациониот одбор на овие и преостанатите манифестации се и сите претседатели на друштвата -членови на УО на Заедницата.
**2.5. Изборна седница на Собранието на Заедницата,** во почет. на април, во Загреб.
**2.6. Прослава на Илинден,** на 31.07. 2004. во Голубињак, Општина Локве.
Организатор на овие две маниф. И. Христодулов.
**2.7. Денови на Кочо Рацин,** во јуни 2004., организатор на маниф. С. Сагадин.
**2.8. Настап на маниф. Култ. творештво на нац. малц. во РХ во Лисински,** во ноември, организ. на маниф. А. Оџаклиески.
**2.9. Денови на браќата Миладиновци,** во јуни, во Ѓаково, орган. на манифест. Б. Јовановски.

Б -Информирање:

Печатење на списанието Македонски глас 4-6 броја во годината, целосно во боја, гл. уред. Б. Јовановски и досегашните дописници- членови на редакцијата.

Ц -Издаваштво:

а) Се пријавува печатење на книга, автор Б. Павловски кој овие денови треба да достави потребни податоци.
б) повторно се пријавува печатење на книгата Танго, авт. М. Апостоловска бидејќи во оваа год. не се одобрени средства за таа книга.

**Ад. 3.**

**3.1.** По спроведената расправа за маниф. 10.год. Македонски глас за која Б. Јовановски извести дека сеуште нема доволно материјал за специјалниот број и за салата во Хрват. новинарски дом за што извести Н. Гроздановски дека е договорено за најам со попуст во износ од 1.200 кн, членовите на УО ги донесоа **следниве заклучоци:**

- манифест. не може да се одржи на 15.11. туку ќе се одржи на 29.11.2003. во 16,00 часот,
- истата ќе се одржи во салата на ХНД по предложената цена за најам,
- да се договори за домјенак,
- да се направат признанија по попис од Б. Јовановски и Н. Гроздановски до 10 личности на кои би се доделило признание,
- да се одредат личности за претставув. на Зборникот по предлог на Б. Павловски,
- за претставув. на книгата од Б. Јовановски со авторот, претставувачи да бидат: Б. Павловски и М. Никчевиќ,
- позивниците да бидат направени како и оние за Илинден на хартија во боја,
- на маниф. во музичкиот дел да учествува со гитара С. Спасески или К. Велковска и со рецитација Љ. Димова Петернел.

**3.2.** Во врска со пристигнатиот материјал (претходно доставен до сите друштва) за пријавување за учество на ликовната колонија во Битола за што Н. Гроздановски предложи да таа изложба се постави и овде, член. на УО се **договорија** да од сите друштва материјалите бидат доставени до Заедницата до крајот на февруари 2004.

**3.3.** Б. Јовановски предложи да книгите издадени од Заедницата се продават по пониска цена (од 50,00 сега по 30,00 кн во иднина) со што **се сложја** членовите на УО. Исто така тој побара а членовите на УО **се сложија** да му се предадат 3 примероци од Зборникот, а истите тој да ги предаде во Ѓаково.

**Ад. 4.**

**4.1.** Н. Гроздановски ги извести присутните дека во име на Заедницата е даден одговор на дописот од Уредот за човекови права -прилог, нагласувајќи дека во врка со тој допис нити едно друштво не даде одговор и затоа ги замоли претседателите на ажурност во тој смисол во иднина. Понатаму, тој исто така ги извести член. на УО дека претходниот ден тој и М. Паризоски беа присустни на округли стол одржан од страна на Уредот за човекови права а на тема: Provedba Ustavnog zakona o nacionalnim manjinama u kontekstu predstojećih izbora -прилог.

**4.2.** По спроведената расправа за ангажирање на г. Зоран Мартиновиќ за книговодствени услуги во иднина, кој по прифатлива цена го извршил книговодството за 7,8 и 9 месец о.г. и кој е спремен да помогне со потребни стучни информации потребни за работење, членовите на УО со јавно гласање **едногласно донесоа одлука:** да се потпише договор за понатамошна книгов. услуга од страна на г. З. Матриновиќ со месечна накнада во износ од 500,00 кн, одн. 610,00 кн со ПДВ.

**4.3.** Понатаму присутните беа информирани за долгот на В. Хузјан према Заедницата (која по своја воља откажа книгов. услуги за Заедницата). По препорака на г. Мартиновиќ тие документи се потребни и треба да се бара да се доставаат, и доколку В. Хузјан не ги достави, тој може да направи годишен книгов. извештај, но во тој случај бидејќи станува збор за пообемна материја тоа би морамо да биде платено посебно. По расправата на оваа тема членов. на УО ја донесоа следнава **одлука:** најпро да претсед. И. Христодулов разговара и побара од В. Хузјан да ги достави бараните документи, а доколку тоа не го направи, да и се испрати допис - барање по пошта со повратница. (станува збор за: proknjižena dokum. za 1-6 mjes. 2003., kartice konta, glavna kgnjiga i sl.).

**4.4.** По информацијата на К. Јурановиќ дека книгите за нејнитото друштво доставени од Заедницата се уште не се вратени на друштвото од страна на претходното раководство (за што и усмено и писмено е барано од страна на Заедн. тоа да се направи), член. на УО донесоа **одлука** повторно да се ипрати допис до В. Илиева.

**4.5.** На барање на А. Оџаклиески, член. на УО донесоа **одлука** преостанатите средства од прославата на Илинден (во износ на неплатениот рачун за Рото промет) да се дозначат на рачунот на МКД К. Мисирков -Загреб.

**4.6.** По информацијата од Т. Јовановска дека во Задар на претстав. на книги, се продадени повеќе книги печатени од Заедницата и тоа во вкупен износ од 390 кн, член. на УО донесоа **одлука** истите средства да ги користи друш. од Задар, а да за толку помалку од страна на Заедн. ќе биде направен наредниот трансфер на средств. на тоа друштво.

**4.7.** Понатаму Н. Гроздановски извести за примениот рачун за плаќање на 610 кн за накнада за јавно користење на музика за прославата на Илинден. Сите присутни **се сложија** дека тоа не може да биде и дека се пеани само макед. песни и член. на УО донесоа **одлука** тој рачун да не се плаќа, а да се испрати допис до таа институција со враќање на предметниот рачун.

Потоа стана збор и за одржување на год. Собранија на друштвата до крајот на февруари 2004., за реализацијата на останатите трошкови за книгата на Р. Димовски, за концертот на Танец во Риека,..

Седницата заврши во 15,30 часот.

Записничарка:
Анка Рабузин

Претседател:
Илија Христодулов

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ